# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Четврток, 30 април 1970
Скопје
Број 11 Год. XXVI

Претплатата за 1970 година изнесува 100 динари. Овој број чини 2 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16


**77.**

Врз основа на член 12, став 1, во врска со член 23, став 1, точка 5 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на општините, одржана на 23 април 1970 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ПРАТЕНИЧКИ МАНДАТ

I

Се утврдува дека на пратеникот МИШКО МИШЕВ, избран во Изборната единица — Неготино, му престанал мандатот поради неспоивоста на пратеничката функција со неговата функција односно служба.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 31-1975
24 април 1970 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**78.**

Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 4 март 1970 година го претресе материјалот — Материјално-општествената основа на издавачката дејност во СР Македонија, изготвен од Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура. Врз основа на претресот, а по предлог на Групата образувана од Соборот за подготвување Предлог на заклучоци, на својата седница одржана на 15 април 1970 година, согласно член 158 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот донесе

### ЗАКЛУЧОЦИ
### ЗА МАТЕРИЈАЛНО-ОПШТЕСТВЕНАТА ОСНОВА НА ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО СР МАКЕДОНИЈА

Разгледувајќи го материјалот — Материјално-општествената основа на издавачката дејност во СР Македонија и сумирајќи ги ставовите и мислењата искажани по него, Соборот констатира дека тие укажуваат на суштинските проблеми што се јавуваат во издавачката дејност и во издавачката политика и претставуваат значаен придонес во изнаоѓање на патишта за нивното решавање.

Соборот смета дека издавачката дејност во Републиката бележи видни резултати, како по бројот на издадените наслови и списанија, така и по нивниот тираж, во издавањето на стручни и научни дела, а посебно и издавањето на некои капитални дела.

Издавачката дејност на овој степен од нашиот развиток, посматрано од сите аспекти, е мошне сложено и широко подрачје. Така гледано, таа веќе бара и научно проучување, за да се осветлат многу досега непознати фактори.

Во проблемите на издавачката дејност се проткаени проблемите на современата македонска литература, материјалната положба на авторот, судбината на книгата, ширењето на македонскиот литературен јазик, мрежата на библиотеките и нивната дејност и други суштествени прашања на македонската култура, па затоа Соборот целосно и одделно им посвети посебно внимание.

За поцелисходно развивање на библиотекарската мрежа во СРМ, за поголем пласман на македонската книга во библиотеките, Соборот смета дека треба да се најдат погодни форми во Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност, со тоа што би се одделиле посебни средства за библиотеките, пред сè за наменски откуп на книги од издавачите во СРМ.

Соборот застана на становиштето дека досегашните средства, со кои располага Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност не се достатни за поразвиена издавачка дејност. Како последица на ваквата состојба во последните години се забележува опаѓање бројот на преведените дела од другите национални литератури во Југославија и преведувања од странските литератури.

Соборот е на мислење дека кредитната политика на банките треба повеќе да се приспособи кон специфичностите и можностите на издавачката дејност кај нас. Тоа подразбира доделување на кредити со подолг рок на отплата, сообразен со карактерот во приготвувањето и пласманот на значајни изданија за националната култура.

Еден од условите за зголемен пласман на книгата е модернизирањето на постојните книжарници и проширување на книжарската мрежа во Републиката. Затоа се предлага да се преземат конкретни мерки, во прв ред доделување на поволни кредити за инвестирање во книжарската мрежа.

За решавањето на материјалните и другите бројни проблеми на издавачката дејност, Соборот смета дека е нужно да се развива потесна соработка меѓу македонските издавачи, а изразена во поголеми интеграциони процеси на одделни дејности, кооперација на покрупни издавачки потфати, интеграција во настапи на изложби и саеми во земјата и странство, во окрупнувањето и модернизирањето на пропагандно-рекламната дејност и во пронаоѓање на можности за пласирање на нашата книга, како и делата на македонските писатели на другите јазици и на јазиците на народностите во Југославија.

Соборот смета дека треба да се испитаат сите можности и да се создадат поповолни услови за издавачката дејност на албански и турски јазик при постојните издавачки претпријатија.

Тргнувајќи од погоре изнесените ставови и констатации, Соборот ги донесува следните

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Напоредно со измените во сојузните прописи за кредитирање на издавачката дејност што треба да уследат, банките би требало својата кредитна политика да ја адаптираат со цел да создадат поповолни кредитни услови за издавачките претпријатија, во поглед на роковите за отплата на кредитите, каматите и друго.

2. Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност треба да изработи комплетна и долгорочна програма за унапредување на издавачка дејност, чија реализација ќе ја организира и финансира. Притоа, Фондот треба да ја преиспита и својата политика во однос на финансирањето на списанијата.

3. Со цел да се стимулира интересот на општините за обезбедување средства за набавка на книги за библиотеките, издадени на македонски јазик и на јазиците на народностите во Републиката, потребно е Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура, заедно со Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност, Друштвото на писателите на СРМ и Друштвото на библиотекарите на СРМ, да го проучат прашањето за учеството на Републиката, преку Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност, во обезбедувањето на такви средства, како и за обезбедување на средства и од други извори.

4. За подобрување на пласманот на книгата, општинските собранија, заедно со издавачките претпријатија, треба да посветат поголемо внимание на проширувањето на книжарската мрежа.

5. Републичкиот секретар за образование, наука и култура, во соработка со Стопанската комора на Македонија, издавачките претпријатија, Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност, Друштвото на писателите, Друштвото на библиотекарите, Друштвото на преведувачите и другите заинтересирани органи и институции, треба да се заложат за интегрирање на издавачките претпријатија во оние случаи, каде што за тоа постојат согледувања и анализи за можноста и економската оправданост. Исто така, треба да се настојува за што потесна деловна соработка меѓу издавачките претпријатија, за усогласување на плановите за издавачка дејност, за организационо поврзување во доменот на пласманот на книгата и друго. Во програмското поврзување треба да се води сметка за специфичните задачи на научните институции, односно да се имаат предвид и нивните планови за издавачка дејност.

6. Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура, во соработка со Републичкиот завод за техничка соработка со странство, Републичкиот фонд за научно-истражувачката работа, Македонската академија на науките и уметностите, Универзитетот „Кирил и Методиј" — Скопје и заинтересираните издавачки претпријатија, треба да подготват план за превод на македонски јазик на научната и стручната литература, која целосно се финансира преку Сојузниот завод за техничка соработка со странство.

7. Концепциите што се содржани во материјалот и во овие заклучоци, треба да послужат како основа за среднорочната проекција за развојот на издавачката дејност во Републиката и за разгледување на општествено-економската положба на културните дејности и системот на финансирање на културата.

Број 495
15 април 1970 година
Скопје

Претседател
на Просветно-културниот собор,
**Драги Тозија,** с. р.

**79.**

Врз основа на член 3 од Законот за санирање и изградба на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката во периодот 1967 — 1970 година на подрачјето на град Скопје („Службен весник на СРМ", бр. 20/67 и 32/68), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА НАМЕНА НА ПРЕОСТАНАТИОТ ДЕЛ ОД НЕРАСПРЕДЕЛЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА САНИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА НЕСТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ

1. Од нераспределените средства утврдени со член 1 од Законот за санирање и изградба на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката во периодот 1967 — 1970 година на подрачјето на град Скопје, му се доделуваат на Главниот штаб за народна одбрана на СРМ, за изградба и адаптација на објекти 320.000 динари.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе му се стават на располагање на корисникот во текот на 1970 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-610/1
23 март 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев,** с. р.

**80.**

Врз основа на член 13 став 2 од Законот за материјално обезбедување на учесниците од Народноослободителната војна („Службен весник на СРМ", бр. 26/68), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНОТО МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА СО ДВИЖЕЊЕТО НА ПРОСЕЧНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЖИВОТОТ

1. Постојаното материјално обезбедување на учесниците од Народноослободителната војна се усогласува со движењето на просечните трошоци на животот во Републиката, така да истото се зголемува за 8,3% од 1 јануари 1970 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-846/1
7 март 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев,** с. р.

**81.**

Врз основа на член 13 од Законот за воените инвалиди од војните („Службен весник на СРМ" бр. 17/69), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ИНВАЛИДСКИОТ ДОДАТОК СО ДВИЖЕЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТОТ

1. Инвалидскиот додаток се усогласува со движењето на трошоците на животот во Републиката, така да истиот се зголемува за 8,3% од 1 јануари 1970 година.

2. Оваа одлука влегува во сила од наредниот ден по нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-847/1
7 април 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев,** с. р.

---

**82.**

Врз основа на член 513 став 4 од Законикот за кривичната постапка („Службен лист на СФРЈ“ бр. 30/67), републичкиот секретар за правосудство донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОПШТИНСКИ СУДОВИ ВО КОИ ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА ОДРЕДБАТА ОД СТАВ 1 НА ЧЛЕН 513 ОД ЗАКОНИКОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

1. Советите на окружните судови предвидени во член 20 став 2 од Законикот за кривичната постапка ќе ги вршат работите од надлежноста на советите на општинските судови предвидени во членот 18 став 3 од истиот Законик и тоа:

а) советот на Окружниот суд во Битола работите од надлежноста на советот на Општинскиот суд во Крушево и Ресен;

б) советот на Окружниот суд во Скопје работите од надлежноста на советот на Општинскиот суд во Дебар, Кратово и Крива Паланка;

в) советот на Окружниот суд во Штип работите од надлежноста на советот на Општинскиот суд во Берово, Делчево, Радовиш и Свети Николе.

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението објавено во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/67 и Решението за дополнување на Решението со кое се определуваат општинските судови во кои работите од надлежноста на советот предвидени во член 18 став 3 од Законикот за кривичната постапка да ги вршат советите на окружните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 44/67).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден по неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 0602-1112
16 април 1970 година
Скопје

Републички секретар за
правосудство,
**Димче Козаров,** с. р.

---

# Службени објави

## ОБЈАВА

### ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 11 став 2 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека од Регистарот на доработувачи на семе се бришат следните организации:

— Земјоделскиот комбинат „Прогрес“ с. Долнени — прилепско за доработка на семе од житни и фуражни култури. Рег. број 13, страна 13, книга II, решение број 10-695 од 7. IV. 1970 година;

— Претпријатието за снабдување на земјоделството „Агроснабдител“ — филијала Битола, за доработка на семе од житни и фуражни култури. Рег. број 20, страна 20, книга II, решение број 10-694 од 7. IV. 1970 година;

— Земјоделскиот комбинат „Прогрес“ — Дебар за доработка на семе од луцерка. Рег. број 22, страна 22, книга II, решение број 10-690 од 7. IV. 1970 година;

— Земјоделското стопанство „Кузман Јосифовски Питу“ с. Славеј — прилепско, за доработка на семе од житни култури. Рег. број 24, страна 24, книга II, решение број 10-696 од 7. IV. 1970 година;

— Лозарското претпријатие „Лозар“, а сега ЗИК „Лозар“ Т. Велес за доработка на семе од житни култури. Рег. број 23, страна 23, книга II, решение број 10-691 од 7. IV. 1970;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Преспанско Јаболко“ — Ресен за доработка на семе од фуражни култури. Рег. број 30, страна 30, книга II, решение број 10-692 од 7. IV. 1970 година;

— Претпријатието „Биодекор“ Скопје, за доработка на семе од цвеќе. Рег. број 33, страна 33, книга II, решение број 10-698 од 7. IV. 1970 година;

— Земјоделската задруга „Башинец“ с. Бутел — скопско, за доработка на арпаџик. Рег. број 34, страна 34, книга II, решение број 10-697 од 8. IV. 1970 година;

— Земјоделската задруга „Малина“ Кр. Паланка, за доработка на семенски компир. Рег. број 36, страна 36, книга II, решение број 10-692 од 7. IV. 1970 год.;

— Агрокомбинатот „Тиквеш“ Кавадарци за доработка на житни култури. Рег. број 38, страна 38, книга II, решение број 10-693 од 7. IV. 1970 година;

— Земјоделското стопанство „Градинар“ — Охрид за доработка на семе од градинарски и фуражни култури. Рег. број 29, страна 29, книга II, решение број 10-758 од 10. IV. 1970 година.

---

## ОБЈАВА

### ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 11 став 2 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека од Регистарот на производители на семе се бришат следните организации:

— Земјоделско прехранбениот комбинат „Струшко Поле“ — Струга за производство на семе од пченица, фуражни култури и хибридна пченка. (Рег. број 2, страна 2, книга I, решение број 10-709 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Искра“ од Кочани, за производство на семе од ориз и фуражни култури. (Рег. број. 6, страна 6, книга I, решение број 10-705 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделската задруга „Напредок“ с. Иванковци — т. велешко за производство на семе од пченица. (Рег. број 8, страна 8, книга I, решение број 10-711 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделската задруга „Прогрес“, а сега Земјоделскиот комбинат „Прогрес“ — Дебар за производство на семе од луцерка. (Рег. број 11, страна 11, книга I, решение број 10-699 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделскиот комбинат „Прогрес“ с. Долнени — прилепско за производство на семе од пченица, останати стрни жита, фуражни и индустриски култури — маслодајна репка. (Рег. број 16, страна 16, книга I, решение број 10-689 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделското стопанство „Нов живот“ с. Кременица — битолско за производство на семе од пченица, останати стрни жита и фуражни култури. (Рег. број 23, страна 23, книга I, решение број 10-702 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделско лозарското претпријатие „Лозар“ — а сега Земјоделско индустрискиот комбинат „Лозар“ Т. Велес за производство на семе од пченица, останати стрни жита, индустриски култури — памук и градинарски култури. (Рег. број 24, страна 24, книга I, решение број 10-703 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделското стопанство „К. Ј. Питу“ с. Славеј — прилепско за производство на семе од пченица. (Рег. број 25, страна 25, книга I, решение број 10-745 од 8. IV. 1970 година);

— Земјоделската задруга „Малина“ Кр. Паланка за производство на семенски компир. (Рег. број 27, страна 27, книга I, решение број 10-706 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделската задруга „Кајмакчалан“ с. Бач — битолско за производство на семе од пченица. (Рег. број 29, страна 29, книга I, решение број 10-701 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделското претпријатие „Хамзали“ с. Хамзали, струмичко, за производство на семе од пченица. (Рег. број 30, страна 30, книга I, решение број 10-714 од 7. IV. 1970 година);

— ЗИК „Тетово“ погон „Полог“ — Тетово за производство на семе од пченица. (Рег. број 35, страна 35, книга I, решение број 10-700/1 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделскиот комбинат „Црна река“ с. Тополчани прилепско, за производство на семе од пченица, останати стрни жита, фуражни и индустриски култури. (Рег. број 38, страна 38, книга I, решение број 10-717 од 10. IV. 1970 година);

— Земјоделскиот комбинат „Преспанско јаболко“ — Ресен, за производство на семе од фуражни култури. (Рег. број 39, страна 39, книга I, решение број 10-704 од 7. IV. 1970 година);

— Претпријатието „Биодекор“ — Скопје за производство на семе од цвеќиња. (Рег. број 41, страна 41, книга I, решение број 10-708 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделската задруга „Башинец“ с. Бутел — скопско за производство на арпаџик. (Рег. број 42, страна 42, книга I, решение број 10-703 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделска задруга „Младост“ с. Чашка, т. велешко, за производство на семе од пченица. (Рег. број 44, страна 44, книга I, решение број 10-710 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделска задруга „Светлост“ с. Породин — битолско, за производство на семе од пченица. (Рег. број 45, страна 45, книга I, решение број 10-716 од 7. IV. 1970 година);

— Агрокомбинат „Тиквеш“ — Кавадарци за производство на семе од пченица, останати стрни жита, индустриски култури — памук и фуражни култури. (Рег. број 47, страна 47, книга I решение број 10-707 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделското стопанство „Градинар“ — Охрид за производство на семе од градинарски и фуражни култури. (Рег. број 37, страна 37, книга I, решение број 10-759 од 10. IV. 1970 година).

---

ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА

ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во Регистарот на производители на семе се запишани следните организации:

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Пелагонија“ Битола, за производство на семе од индустриски култури — шеќерна репка. Рег. број 1, страна 1, книга I, решение број 10-715 од 7. IV. 1970 година;

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Прилеп“ — Прилеп за производство на семе од пченица, останати стрни жита и фуражни култури. Рег. број 50, страна 50, книга I, решение број 10-718 од 7. IV. 1970 година.

---

ДОПОЛНУВАЊЕ

НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 9 став 3 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал, објавува дека во Регистарот на производители на саден материјал е запишана следната организација:

— Земјоделско задружен комбинат „Аграр“ — погон за биодекорација, Бутел — Скопје, регистарски број 18, книга III, решение број УП/I°-108 од 13. IV. 1970 година.

---

# Прописи на општинските собранија

## СОБРАНИЕ НА ОПШТИНАТА РАДОВИШ

1.

Врз основа на членовите 268 ст. 1 т. 3 и чл. 269 ст. 2 од Основниот закон за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ“ бр. 17/65) и членот 112 од Статутот на општина Радовиш, Собранието на општината на својата заедничка седница, одржана на 7 април 1970 година, донесува

### РЕШЕНИЕ

**ЗА ОТВОРАЊЕ ПОСТАПКА ЗА РЕДОВНА ЛИКВИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА „ЛАКАВИЦА“ С. КОНЧЕ**

I.

Се отвора постапка за редовна ликвидација на Земјоделската задруга „Лакавица“ с. Конче.

II.

Отворањето постапка за редовна ликвидација на земјоделската задруга е резултат на долгогодишните реални финансиски тешкотии — загуби и неизмирени обврски. И во периодот на ставањето на земјоделската задруга под присилна управа не се создале услови за санирање на положбата во задругата.

III.

Рок за окончување на постапката за редовна ликвидација е 31 декември 1970 година.

IV.

Решението влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-829
8 април 1970 година
Радовиш

Претседател,
**Митко Теохаров**, с. р.

**2.**

Врз основа на членовите 268 ст. 1 т. 3 и чл. 269 ст. 2 од Основниот закон за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ“ бр. 17/65 и чл. 112 од Статутот на општина Радовиш, Собранието на општината на својата заедничка седница, одржана на 7. 4. 1970 година, донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОТВОРАЊЕ ПОСТАПКА ЗА РЕДОВНА ЛИКВИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА „БОБОВЕЦ“ — с. ИЊЕВО

I.

Се отвора постапка за редовна ликвидација на Земјоделската задруга „Бобовец“ с. Ињево.

II.

Отворањето постапка за редовна ликвидација на Земјоделската задруга е резултат на долгогодишните реални финансиски тешкотии — загуби и неизмирени обврски. И во периодот на ставањето на земјоделската задруга под присилна управа не се создале услови за санирање на положбата во задругата.

III.

Рок за окончување на постапката за редовна ликвидација е 31 декември 1970 година.

IV.

Решението влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-830
8 април 1970 година
Радовиш

Претседател,
**Митко Теохаров,** с. р.

---

**3.**

Врз основа на членовите 268 ст. 1 точ. 3 и чл. 269 ст. 2 од Основниот закон за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 17/65) и членот 112 од Статутот на општина Радовиш, Собранието на општината на својата заедничка седница, одржана на 7. IV. 1970 год., донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОТВОРАЊЕ ПОСТАПКА ЗА РЕДОВНА ЛИКВИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА „ЈАНКУЛИЦА“ с. РАКИТЕЦ

I.

Се отвора постапка за редовна ликвидација на Земјоделската задруга „Јанкулица“ с. Ракитец.

II.

Отворањето постапка за редовна ликвидација на земјоделската задруга е резултат на долгогодишните реални финансиски тешкотии — загуби и неизмирени обврски. И во периодот на ставањето на земјоделската задруга под присилна управа не се создале услови за санирање на положбата во задругата.

III.

Рок за окончување на постапката за редовна ликвидација е 31 декември 1970 година.

IV.

Решението влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-831
8 април 1970 година
Радовиш

Претседател,
**Митко Теохаров,** с. р.

---

**4.**

Врз основа на членовите 268 ст. 1 т. 3 и чл. 269 ст. 2 од Основниот закон за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ“ бр. 17/65) и чл. 112 од Статутот на општина Радовиш, Собранието на општината на својата заедничка седница, одржана на 7. IV. 1970 година, донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОТВОРАЊЕ ПОСТАПКА ЗА РЕДОВНА ЛИКВИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА „НАПРЕДОК“ РАДОВИШ

I.

Се отвора постапка за редовна ликвидација на Земјоделската задруга „Напредок“ — Радовиш.

II.

Отворањето постапка на редовна ликвидација на земјоделската задруга е резултат на долгогодишните реални финансиски тешкотии — загуби и неизмирени обврски. И во периодот на ставањето на земјоделската задруга под присилна управа не се создале услови за санирање на положбата во задругата.

III.

Рок за окончување на постапката за редовна ликвидација е 31 декември 1970 година.

IV.

Решението влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-832
8 април 1970 година
Радовиш

Претседател,
**Митко Теохаров,** с. р.

---

**5.**

Врз основа на членовите 268 ст. 1 т. 3 и чл. 269 ст. 2 од Основниот закон за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 17/65), членот 112 од Статутот на општина Радовиш и предлогот на Задружниот совет од спроведениот референдум за престанок на работната организација, Собранието на општината на својата заедничка седница, одржана на 7. IV. 1970 година, донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОТВОРАЊЕ ПОСТАПКА ЗА РЕДОВНА ЛИКВИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА „ПИЛАВ ТЕПЕ“ с. ДАМЈАН

I.

Се отвора постапка за редовна ликвидација на Земјоделската задруга „Пилав Тепе“ — с. Дамјан.

II.

Отворањето постапка за редовна ликвидација на земјоделската задруга е резултат на долгогодишните реални финансиски тешкотии — загуби и неизмирени обврски.

III.

Рок за окончување на постапката за редовна ликвидација е 31 декември 1970 година.

IV.

Решението влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-833
8 април 1970 година
Радовиш

Претседател,
**Митко Теохаров**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка по тужбата на тужителката Скендерова Тина од Скопје, ул. „759", блок 2, влез I, стан број 4, против тужениот Скендеров Панде, со непознато место на живеење, за развод на брак.

Се повикува тужениот Скендеров Панде во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да достави своја точна адреса.

По истекот на овој рок судот ќе му определи привремен старател кој ќе го застапува до окончувањето на бракоразводниот спор, а согласно со членот 77 од ЗПП.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1303/68 од 7. IV. 1970. год. (27)

---

При Окружниот суд во Скопје тужителката Крстиќ Слунчица од Куманово, ул. „Кирил и Методи" бр. 26, поднесе тужба за развод на бракот против тужениот Петковиќ Борис, сега во неизвесност.

Се повикува тужениот Петковиќ Борис, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да му ја соопшти на судот својата адреса или да се јави лично на овој суд.

Во противно ќе се одреди старател за посебен случај кој ќе го застапува во оваа парница.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2383/69. (28)

---

При Окружниот суд во Скопје се води постапка во правната работа на тужителот Владимир Петровски од Кичево, ул. „29 ноември" бр. 16, против тужената Вера Петровска, родена Петровиќ од Кичево, сега со непознато место на живеење, за развод на брак, под П. бр. 325/70.

Се поканува тужената Вера Петровска, родена Петровиќ, во рок од 30 дена да се јави во судот или да ја достави својата адреса. Во противно судот ќе ѝ определи привремен старател, кој ќе ѝ ги застапува интересите во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 325 од 10. IV. 1970. (29)

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка по тужбата на Атанасова, родена Пановска Павлина, ул. „Кузман Јосифов" бр. 7 против тужениот Анастасов Крсто, со непозната адреса и место на живеење, за развод на брак.

Се повикува тужениот Анастасов Крсто од татко Петар и мајка Елена, во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да достави точна адреса.

До колку по истекот на овој рок не се јави, судот во смисла на чл. 77 од ЗПП ќе му одреди привремен старател кој ќе го застапува до окончувањето на бракоразводниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 598 од 13. IV. 1970 год. (30)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Здравевска Благуна од село Логоварди, Битолско, поднесе тужба до овој суд за развод на брак, против Здравевски Алексо од село Логоварди, сега во неизвесност. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник.

Во противно на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 264/70. (31)

### ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Иванов Ристо од Кочани поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Иванова Барица од село Мошеница, сега во неизвесност. Бидејќи адресата и местожителството на тужената не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник. Во противен случај, судот, по службена должност го одредува за застапник Славе Голубовски, приправник во Окружниот суд — Штип, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 335/69. (26)

---

## ЛИКВИДАЦИЈА

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 26, страна 221, книга I е запишано следното: Заштитната работилница за домашни ракотворби „Прогрес" — Кичево, со решението бр. 02-5956/1 од 31. XII. 1969 година на Собранието на општината Кичево се става под редовна ликвидација.

За ликвидатор на Заштитната работилница за домашни ракотворби — „Прогрес" — Кичево е назначен Целе Угриновски, кој Заштитната работилница ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 9. III. 1970 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

На досегашните потписници на Заштитната работилница за домашни ракотворби „Прогрес" — Кичево, Јовановски Боро и Целе Поповски, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 28 од 19. III. 1970 година. (597)

---

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 538, страна 195, книга III е запишано следното: Се брише од регистарот на установите Заводот за техничка сигурност — Скопје, бидејќи се присоединува кон Институтот за медицина на трудот и техничка сигурност при Рудници и железарница „Скопје" — Скопје, согласно со одлуката бр. 1437 од 22.

XII. 1969 година на советот на Институтот и одлуката бр. 107 од 10. VI. 1969 година на работната заедница на Заводот за техничка сигурност — Скопје и одлуката бр. 7176 — 88894 од 27. XII. 1969 година за давање согласност на Советот на Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 14 од 28. I. 1970 година. (215)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 351, страна 661, книга III е запишано следното: Кон Институтот за медицина на трудот и техничка сигурност при Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 1437 од 22. XII. 1969 година на советот на Институтот и одлуката бр. 107 од 10. VI. 1969 година на работната заедница на Заводот за техничка сигурност — Скопје и одлуката бр. 7176 — 88894 од 27. XII. 1969 година за давање согласност на Советот на Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје, се присоединува Заводот за техничка сигурност — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 162/69 од 28. I. 1970 година. (216)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 353, страна 447, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник на Полното основно училиште „Даме Груев“ село Градско, Казанџиева Христина, секретар — режисер ѝ престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешена од должност.

За нов потписник на Полното основно училиште „Даме Груев“ — село Градско е назначена Николова Лазо Грозда, секретар — режисер, која истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Каратулков Љубомир, директор, сметано од 5. XII. 1969 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 148 од 30. I. 1969 година. (217)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 320, страна 315, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник в.д. директор Спиро Гребенаровски на Пионерскиот дом „Братство единство“ — Тетово, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За нов директор на споменатиот дом е назначен Риза Илјази Вела, кој Пионерскиот дом „Братство единство“ — Тетово ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 26. XI. 1969 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 143/69 од 19. I. 1970 година. (218)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 23. XII. 1969 година, рег. бр. 24/66, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Павловски Пројче Веле, директор на Основното училиште „Стив Наумов“ село Бешиште. За в.д. директор е поставен Манчевски Ѓорѓија Стојко.

Се овластува Манчевски Ѓорѓија Стојко, в.д. директор, да го потпишува училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 52/69. (412)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 390, страна 438, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник на Полното основно училиште „Борис Терзиев“ — село Долно Чичево Казанџиева Христина, секретар, ѝ престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешена од должност.

За нови потписници на Полното основно училиште „Борис Терзиев“ — село Долно Чичево се назначени следните лица: Рибарски Илиев Лазар, директор, и Николова Грозда, секретар — режисер, кои училиштето ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, сметано од 13. II. 1970 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 22 од 26. II. 1970 година. (484)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 691, страна 691, книга III е запишана под име: Комбинирана детска установа „Снежана“ — Скопје, ул. „Џон Кенеди“ бб. Предмет на работењето на установата е воспитување и згрижување на деца од претшколска возраст.

Установата е основана од Советот на Основното училиште „Васил Главинов“ — Скопје, со одлуката бр. 04-235 од 2. VII. 1969 година и решението бр. 5309/1 од 12. II. 1970 година на Собранието на град Скопје.

Комбинираната детска установа „Снежана“ Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Силјановска Роска, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 31 од 27. III. 1970 година. (598)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 692, страна 695, книга III е запишано под име: Централно основно училиште „Мирче Ацев“ — Ѓорче Петров, ул. „Димитар Влахов“ бб. Предмет на работењето на училиштето е обавување просветна дејност.

Училиштето е основано од Народниот одбор на општината Ѓорче Петров од 1955 година (Уверение бр. 03-65 од 6. II. 1970 година од Собранието на град Скопје — Месна канцеларија — Ѓорче Петров).

Училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, Милачко Димитар Најденов, в.д. директор и Чоневска Младен Крунислава, режисер на училиштето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 20 од 25. III. 1970 година. (599)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 168, страна 872, книга I е запишано следното: На досегашниот директор, Хајрула Ќемал, на Основното училиште „Братство единство“ — Тетово му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За директор на Основното училиште „Братство единство“ — Тетово е назначен Емини Таип, кој училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 29. IV. 1969 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 122/68 од 29. XII. 1969 година. (106)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 11, страна 41, книга I е запишано следното: Дејноста на Заводот за унапредување на градежништвото, градежната и неметалната индустрија на СРМ — Скопје, се проширува и со изготвување на инвестиционо-техничка документација, формирање на погони за производство на градежни материјали, градежен погон и браварски погон, како и инженеринг.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 18 од 30. III. 1970 година. (504)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. I. 1969 година, страна 346, реден број 1 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Штип, ул. „Борис Кидрич" бр. 34.

Продавницата ќе врши продажба на стока од црната металургија, заштитни средства за земјоделското производство и тутуновото производство, колонијални и текстилни стоки за домаќинствата на тутуно-производителите од оваа комуна.

Продавницата е основана од Здружението на тутуно-производителите од Штип.

Раководител на продавницата е Владо Бреслиев, кој не е овластен да ја потпишува.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 20 од 15. III. 1968 година, на управниот одбор на Здружението и дозволата за употреба на објектот од страна на Одделението за урбанизам и комунално-станбени прашања, при Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 361/68. (316)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 300, страна 1277, книга I е запишана под фирма: Трговска работна организација за промет со индустриски стоки и нафтени деривати, на големо и мало — „Техно-петрол" — Тетово — Организација на здружен труд — Продавница во Скопје, ул. „Орце Николов" „ЈНА" бб. Предмет на работењето на организацијата за здружен труд — продавница, е продажба на нафтени деривати преку помпи, мазива, масла и масти.

Организацијата на здружен труд — продавница е основана од работничкиот совет на „Техно-петрол" — Тетово, со одлуката од одржаната седница на 25. VIII. 1967 година.

Раководител на истата е Ридев Ѓорѓи.

Организацијата на здружен труд — продавница во Скопје, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 443/68 од 8. I. 1970 година. (162)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1328, страна 204, книга VI е запишана под фрима: Занаетчиско-производна задруга „Македонски килим" — Скопје, ул. „Луј Пастер" бр. 5. Предмет на работењето на задругата е вршење на шапкарска дејност.

Задругата е основана од основачите на основачкото собрание, одржано на 8. IX. 1969 година и тоа: Ристовски Ангеле, Јовановски Мице, Петковски Драган, Кочовски Благоја, Киевски Симе, Палчевска Љубица, Талевска Катерина, Кожикаровска Живка, Трајковска Вера, Јовановска Ката, Тасева Вера, Ејупи Назмије, Трајковска Љубица, Стојчевски Ставре, Ѓокиќ Светислав, Тасева Мирјана, Серафимовски Ѓоко, Стојковски Милан и Димитровски Спасе.

Задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Стојчевски Ставре, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Претседател на советот на работната заедница е Ристевски Ангеле, согласно со одлуката од одржаната седница на 8. IX. 1969 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 964/69 од 9. I. 1970 година. (163)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1329, страна 212, книга VI е запишан под фирма: Градски трговски центар во изградба — Скопје, ул. „Димитар Влахов" бр. 4. Предмет на работењето на центарот е да изградува, проширува и издава под закуп деловни простории под пазарни услови.

Трговскиот центар е основан од основачите на основачкото собрание, одржано на 3. VII. 1969 година со договор и тоа: „Славија" — трговско претпријатие на големо и мало — Скопје, Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје, Заводот за станбено-комунално стопанисување — Скопје, Дрвната индустрија „Треска" — Скопје, „Македонка" — памучна индустрија — Штип, „Тетекс" — волнарски комбинат „Тодор Циповски — Мерџан" — Тетово, „Радио бран" — претпријатие за електроника и електромеханика и трговија на големо и мало — Скопје, „Технометал — Македонија" — Скопје. „Југотекстил" — Скопје и „Трготекстил" — Скопје.

Градскиот трговски центa рво изградба — Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Шаровиќ Душан, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 8 од 12. I. 1970 година. (165)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1321, страна 188, книга VI е запишана под фирма: „Зампи" — завод за маркетинг, пропаганда и инженеринг — Белград — Организација за здружен труд „Инженеринг-Комерц" — Скопје, ул. Карл Маркс" бр. 47. Предмет на работењето на организацијата е економска пропаганда- публицитет, декоративна архитектура, применета графика, декоративно сликарство, уметничко обликување, туристичка пропаганда, применета уметност и индустриско обликување, агенциски работи, почетни и завршни работи во градежништвото и во градежниот занает, изработка на монтажни камп-куќички, мотели и декорација на хотели.

Организацијата на здружен труд е основана со присоединување на работната заедница „Инженеринг-Облик" — Скопје, на Заводот за економска пропаганда, публицитет, обликување, истражување на агенциски работи, почетни и завршни работи во градежништвото и во градежниот занает — Белград, кон „Зампи" — завод за маркетинг, пропаганда и инженеринг — Белград, со одлуката на работничкиот совет на „Облик" — Белград, од одржаната седница на 22. IX. 1969 година ,и одлуката на Советот на работната заедница на „Зампи" — завод за маркетинг, пропаганда и инженеринг — Белград од одржаната седница на 7. XI. 1969 година.

Организацијата на здружен труд „Инженеринг — Комерц" во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето Радичевиќ Миодраг, директор, во останатото, работната заедница ќе ја застапува и потпишува генералниот директор на матичното претпријатие.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1131 од 25. XII. 1969 година. (164)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 669, страна 1689, книга V е запишана под фирма: Деловно здружение за поледелство и механизација „Агро-Македонија" — Скопје — самостојна организација на здружен труд во својство на правно лице и посебна жиро-сметка „Авиосервис" — Скопје .Предмет на работењето на самостојната организација е вршење авио-услуги во земјоделството и шумарството.

Самостојната организација е основана од работничкиот совет на „Агромакедонија" — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 4. IX. 1969 година.

Самостојната организација на здружен труд со својство на правно лице и посебна жиро-сметка „Авио сервис" — Скопје ќе ја потпишува, задол-

жува и раздолжува Ефтим Ристовски, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 996/69 од 9. V. 1970 година. (166)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 362, страна 307, книга II е запишано под фирма: Претпријатие за дрво-преработувачка „Бреза" во село Жировница, Гостиварско. Предмет на работењето на претпријатието е вршење дрвопреработувачка дејност.

Претпријатието е основано од Собранието на општината Гостивар, со решението бр. 0201-4427 од 11. XII. 1969 година.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Ваити Рамиз, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 12 од 16. I. 1970 година. (189)

---

